РЕПУБЛ... МАКЕДОНИЈА
С... СУД
0302 Су.бр. 16 / 24
09.01.2024 година
ДЕЛЧЕВО

Претседателот на Основен суд Делчево, судија Миле Ѓоргиев, врз основа на член 88 од Законот за судовите член 13 став 4 од Деловникот за работа на судовите, денес на ден 09.01.2024 год. донесе:

**Годишен распоред за работа на Основен суд Делчево за 2024 година**

Судската функција во Основен суд Делчево ја вршат двајца судии и тоа: судијата Миле Ѓоргиев и судијата Костадин Ѓоргиев кој е делегиран судија во Основен суд Делчево од Основен суд Струмица врз основа на Одлука на Судскиот совет на РСМ сметано од 06.09.2023 година.

1. Судијата Миле Ѓоргиев кој е и Претседател на судот ќе постапува по кривични предмети, предметите по кои постапува кривичен совет, старите предмети од граганска област и прекршочни предмети.
2. Судијата Костадин Ѓоргиев ќе постапува по предмети од граганска област, прекршочни предмети, кривичен совет и постари предмети.

Судските службеници:

1. Стојанче Трајановски помлад стручен соработник ќе изработува нацрт одлуки кај судија Миле Ѓоргиев по прекршочните предмети, ќе биде одговорно лице за односи со јавноста, ќе одговара на дописи од институции и физички и правни лица и ќе доставува одговори по барања за пристап на информации од јавен карактер и ќе постапува како офицер за заштита на лични податоци.
2. Зоран Николовски советник информатичар ќе биде одговорен за работа на информатичката технологија во судот со подршка на истата, за тонско снимање, уредување на веб страната на судот, одговорен за функционирање на електронската достава во судот, одговорен за следење на примената на програмата АКМИС, изготвување сите видови обрасци кои се потребни за примената на АКМИС, изготвување на месечните и годишниот извештај за работа на судот.
3. Сандра Трајановска помлад соработник-сметководител ке изготвува пресматка на плата, ке изготвува финанскиски извештаи и сите останати работи од областа на сметководството, ќе биде одговорно лице за изработка на буџетскиот циркулар, поднесување на завршна сметка за судот, како и оддговорно лице за изработка на годишниот план за вработување и ќе ги води уписниците од судска управа.
4. Сашка Илиевска-дактилограф ќе работи со судија Миле Ѓоргиев по сите предмети од кривична област и граганска област. Ќе врши тонско снимање на расправите по предметите, ќе изготвува разни покани до странките, ќе

изготвува записници на рочишта, ќе пополнува доставници за достава на одлуките до странките.

5. Судскиот службеник Наташа Велкова ќе врши работи во приемно одделение, ќе прави прием на пошта, како и прием на писмената нејзино скенирање и електронско експедирање до соодветниот оддел во судот, ќе врши експедиција на пошта и ќе заведува предмети од уписникот ЗАВ-Х.

6. Судскиот службеник Бејнур Амедов ќе работи на кривичен оддел и ке ги води сите уписници на кривичен оддел, ќе биде одговорен за внесување на податоци за казнена евиденција, ќе издава уверенија за неосудуваност, ќе го води уписнокот за извршување на кривични парични казни, како и уписникот за повикување на лица за издржување на казна затвор КУИКП и ќе го води уписникот за прекршочни предмети ПРК-Ј.

7. Судскиот службеник Елена Мерзликин ќе работи на граѓански оддел и ќе ги води сите уписници на одделот.

8. Судскиот службеник Венцо Чабуковски ќе работи на извршен отсек ке ги води сите уписници поврзани со извршен отсек како и уписникот ПРК-С од прекршочен отсек.

9. Судскиот службеник Адријана Ѓоргиева ќе врши административно-технички работи во судот, ќе следи судска пракса и ќе му помага на Претседателот на судот околу коресподенцијата со други правни субјекти како и ќе работи на отсек за вонпроцесни и оставински предмети,, ќе издава уверенија за родителско право, уверенија за забрана за вршење на дејност или професија.

10. Доставувачите Борјанка Лефковска, Раде Симовски, Војо Богданов, Шефкет Ибраимов и Борче Каранфиловски ќе вршат достава на покани, писмена и одлуки до странките според претходно утврден распоред.

11. Љупчо Ромовски распределен на работно место возач ќе ги врши и работите за тековно одржување на зградата на судот како и ќе управува и ќе го одржува системот за греење во судот.

12. Емилија Јанкуловска хигеничар ќе ги врши работите околу одржување на хигиена во просториите на Основен суд Делчево.

13. Судската полиција ќе ги врши работите околу обезбедување на зградата на судот и одржување на редот во судот според претходно изготвен распоред.

По задолжение од Претседателот на судот судските службеници ќе вршат и други работи и работни задачи заради нормално функционирање на судот.

Основен суд Делчево 09.01.2024 година

В.Д. Претседател на Основен суд Делчево
Миле Ѓоргиев,